



# Совет за регионална соработка

## Советот за регионална соработка ги промовира заемната соработка и европските и евроатланските интеграции на југоисточна Европа во насока на поттикнување на развојот во регионот и добросостојбата на неговите граѓани.

Советот за регионална соработка (СРС) беше официјално основан на 27 февруари 2008 година, како наследник на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа.

Советот е оперативен орган на Процесот на соработка во Југоисточна Европа (РСЈИЕ) и претставува централна точка за регионална соработка. Исто така, делува и како форум за перманентно присуство на меѓународната заедница ангажирана во регионот.

Советот се фокусира на регионалната соработка на подрачјето на Југоисточна Европа (ЈИЕ) преку рамка на регионална сопственост и водство којашто, исто така, ги поддржува европските и евроатланските интеграции. Клучната улога на Советот е подготовка и координирање на развојни проекти и создавање политичка клима што ќе овозможи севкупен економски и социјален напредок во ЈИЕ, во полза на луѓето од регионот.

Работата на СРС е насочена на пет приоритетни области:

- економски и социјален развој
- инфраструктура и енергетика
- правда и внатрешни работи
- соработка во областа на безбедноста
- градење човечки капитал и парламентарна соработка

Организацијата одржува тесни работни односи со сите релевантни актери во наведените области, како што се владите, меѓународните организации, меѓународните финансиски институции , регионалните организации, приватниот сектор и граѓанското општество.

Во СРС членуваат 45 земји, организации и меѓународни финансиски институции. СРС има Секретаријат лоциран во Сараево (Босна и Херцеговина), на чело со Генералниот секретар Хидо Бишчевиќ. Покрај главната канцеларија во Сараево, Секретаријатот има и Канцеларија за врски со европските и евроатланските институции во Брисел.

СРС одржува еден состанок годишно, додека Одборот на СРС на секои три месеци. Одборот на СРС дава оперативни насоки и врши надзор над работата на организацијата. Одборот го сочинуваат сочинуваат оние членки на СРС, коишто учествуваат во буџетот на Секретаријатот на СРС, како и Европската унија (ЕУ) претставена од Тројката што ја сочинуваат Претседавачот со ЕУ, Европската комисија и Секретаријатот на Советот на ЕУ.

СРС ги носи одлуките со консензус. Работен јазик на состаноците на СРС и на неговиот Секретаријат е англискиот јазик.

Секретаријатот обезбедува техничка, аналитичка и организациска поддршка на Генералниот секретар на СРС и целата организација, како и на претседавачот со ПСЈИЕ. Служи и како рамка за координација на активностите што се однесуваат на регионалната соработка во ЈИЕ, и како информативна и централна точка за таквите активности.

Во Секретаријатот на СРС се вработени 38 лица од ЈИЕ, од кои 32 работат во Сараево и 6 во Брисел, а од нив 20 се експерти или аналитичари. Буџетот на СРС изнесува 3 милиони евра годишно – од кои 1/3 ја сочинува придонесот на земјите-членки на СРС од ЈИЕ, 1/3 од Европската комисија и1/3 од останатите членки на СРС.

**Секретаријат на Советот за регионална соработка**
Трг Босне и Херцеговине 1/V
71000 Сарајево
Босна и Херцеговина
Тел: + 387 33 561 700
Факс: + 387 33 561 701
Е-пошта: rcc@rcc.int
**Интернет-страница: www.rcc.int**

# Економски и социјален развој

СРС потврдува дека изградбата на просперитетни пазарни стопанства,поткрепени со соодветни социјални системи, претставува основа за мир и стабилност во Југоисточна Европа.

За таа цел, СРС координира, олеснува и обезбедува политичка поддршка за голем број регионални социјални и економски иницијативи насочени кон унапредување на инвестициите, развој на малите и средните претпријатија, либерализација на трговијата, подобрување на јавното здравство, социјалниот дијалог и реализација на реформите во политиката за вработување. СРС посветува особено внимание на поттикнувањето на дијалогот помеѓу заемно поврзаните регионални иницијативи.

Клучните иницијативи во областа на економскиот развој се однесуваат на слободната трговија, вклучувајќи ја и поддршката на Договорот за слободна трговија на Централна Европа 2006 (CEFTA), Инвестицискиот компакт на OECD за Југоисточна Европа насочен кон поддршка на развојот на позитивна клима за инвестиции и за работа на малите и средни претпријатија, како и Деловно-советодавниот Совет, којшто го помага дијалогот со приватниот сектор.

Во областа на социјалниот развој, СРС се надополнува на работата на Букурешкиот процес за вработување, чијашто цел е унапредување и насочување на националните политики во областа на вработувањето во целиот регион, а работи и на унапредување на социјалниот дијалог меѓу работниците и здруженијата на работодавачи.

Прашањата што се однесуваат на јавното здравство се разгледуваат во рамките на Здравствената мрежа на Југоисточна Европа, иницијатива што има за цел подобрување на услугите во областа на јавното здравство во регионот.

Иницијативата Електронска Југоисточна Европа (eSEE), како тема што опфаќа повеќе области, е насочена кон промоција на воведувањето информатички и комуникациски технологии во различните сектори на владата, трговијата, образованието и јавниот живот. Неодамна, иницијативата беше зајакната со основањето на Центарот за развој на е-Влада во Љубљана – јавно-приватно партнерство, којшто ќе служи како единствена точка за координација на напорите за градење на на капацитетите на е-Влада на подрачјето на целиот регион.



*Енергијата и инфраструктурата се предуслови за регионален економски пораст и социјална стабилност.*

# Инфраструктура и енергетика

Енергетиката и инфраструктурата, како предуслови за севкупен економски, социјален и еколошки одржлив развој, стабилност и просперитет, се области од особен интерес за СРС.

СРС го поддржува спроведувањето на Договорот за основање на Енергетската заедница. Го промовира одрживиот енергетски развој во регионот и пренесувањето на знаење од земјите-членки на ЕУ во поглед на подготовката, изработката, шемите за финансирање и реализацијата на одржливи проекти во областа на енергетиката.

Соодветно внимание се посветува и на поддршката на Постојаниот секретаријат на Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа во претстојниотпроцес на преговори за Договорот за основање на Транспортната заедница, врз основа на постоечкиот Меморандум за разбирање за развој на Основната регионална транспортна мрежа во ЈИЕ. СРС придонесува кон воспоставување и реализација на Зоната за железнички транспорт во ЈИЕ , врз основа на неодамна потпишаните дополнувања на споменатиот Меморандум.

СРС ги охрабрува земјите од ЈИЕ да ги координираат своите напори со цел подобро искористување на помошта наменета за регионална соработка, пред сè преку Повеќе-корисничкиот инструмент за претпристапна помош на ЕУ (ИПА).

Учеството во Советодавната група на Меѓународните финансиски институции (МФИ) и бо нејзините технички работни групи, му овозможува на СРС да делува како врска меѓу носителите на одлуките, МФИ, деловната заедница и социјалните партнери. Советот игра значајна улога во идентификувањето и реализацијата на проектите подобни за поддршка од Механизмот за помош на инфраструктурни проекти инициран од Генералната дирекција за проширување на Европската комисија.

Успехот на реформите во голема мера ќе зависи и од сеопфатната поддршка и нивното што пошироко прифаќање. СРС го поттикнува дијалогот со социјалните партнери и граѓанското општество, и го олеснува донесувањето на социјалните акциски планови што се однесуваат на реконструкција на инфраструктурата и сведување на цените на производите и услугите на прифатливо ниво.

Поради големите потенцијали на реките Дунав и Сава, СРС ги поддржува Дунавскиот процес на соработка и Меѓународната комисија за текот на реката Сава. Исто така, соработува со Регионалниот центар за животна средина и со Секретаријатот на Регионалната програма за обновување на животната средина.

# Правда и внатрешни работи

Борбата против организираниот криминал и корупцијата, реформата на полицијата, спроведувањето на законите и судскиот систем, борбата против незаконската миграција, визното олеснување и либерализацијата на визниот режим, како и зајакнувањето на граничното управување се од посебно значење за земјите од Југоисточна Европа и нивната европска и евроатланска агенда, поради што се дел од основните приоритети на СРС.

СРС ја поддржува, промовира и координира работата на релевантните регионални иницијативи активни во областа на правдата и внатрешните работи во целата ЈИЕ, притоа обезбедувајќи заемно зајакнување, а не преклопување на нивните заложби, во согласност со целта за интегрирање на регионот во ЕУ.

Стратешките цели вклучуваат:

- борба против прекуграничниот организиран криминал, особено преку Центарот за борба против прекуграничниот криминал на Иницијативата за соработка во Југоисточна Европа (SECI ) и Советодавната група на обвинители на земјите од Југоисточна Европа (SEEPAG);
- поддршка во спроведувањето на Конвенцијата за полициска соработка преку Здружението на шефови на полицијата на Југоисточна Европа (SEPCA);
- олеснување, заедно со SEPCA, на проектите во рамките на Мрежата за обука за борба против организираниот криминал, Бледскиот процес за украдени возила, информатичкиот систем на Интерпол 124/7 за поврзување на контролните точки на границите, воспоставувањето на одделенија за крим-анализа во земјите од ЈИЕ и регионална размена на податоци за организиран криминал;
- борба против корупцијата, вклучувајќи ја и соработката со Регионалната иницијатива за борба против корупција (RAI);
- активности што се однесуваат на миграцијата и азилот, вклучувајќи ја и соработката со Регионалната иницијатива за миграција, азил и бегалци (MARRI) и следење на релевантните состојби во ЕУ.

СРС одржува тесна врска со релевантните партнери, министерства, институции, истражувачки институти и невладини организации. СРС работи на систем за директен, брз и постојан проток на информации, со цел координирање и интегрирање на националните и регионалните активности во врска со кривичните предмети.

Секретаријатот на СРС го поддржува усогласувањето на националните кривични законодавства, како и синхронизацијата во примената на европските и меѓународните инструменти што се користат во кривичните постапки. Работи на преточување на најдобрите практики и стекнати знаења во владини одлуки и закони, како и на добивање поддршка од пошироката јавност, меѓународните организации, донаторите, граѓанското општество и деловната заедница во оваа насока.

# Соработка во областа на безбедноста

Во областа на безбедноста, Советот за регионална соработка е вклучен во идентификувањето на останатите и идните предизвици, како и во изнаоѓањето начини за справување со истите преку соработка на регионално ниво, со цел одговорот да биде поефикасен.

Парламентарната димензија на соработката во областа на безбедноста е од посебно значење за СРС. Особено неопходни во вооружените сили и безбедносните служби се зајакнувањето на законодавниот надзор и деталниот увид на нивната работа.

Под покровителство на СРС успешно функционираат неколку иницијативи и работни групи. Центарот за контрола на мало и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа (SEESAC) и Иницијативата за подготвеност и спречување на елементарни непогоди (DPPI) ја докажаа својата ефикасност и уживаат целосна поддршка во земјите од регионот. Улогата на СРС се состои од координација и натамошно зајакнување на активностите во насока на подобар одговор на потребите на регионот, како и во обезбедувањето синергија на сите иницијативи и работни групи во ЈИЕ. Конечната цел е постигнување на целосна регионална сопственост. СРС, исто така, активно соработува и со Центарот за соработка во областа на безбедноста (RACVIAC).

Изготвувањето на сеопфатна стратегија за Реформа на безбедносниот секторо во Југоисточна Европа (SSR) има за цел конкретно одредување на функционалната поделба на потребите за полесен пристап до донаторската заедница. Стратегијата би требало да помогне во утврдувањето на



*Отворањето на портите за европските стандарди во областа на правосудството и безбедноста во Југоисточна Европа е приоритет на СРС.х. (Фотографија на Маја Златевска)*

недостатоците во постоечките активности и да биде користена за брз одговор на иницијативите на ЕУ и НАТО што се однесуваат на утврдување на тековната состојба. СРС ја промовира локалната сопственост и изградбата на владини капацитетите за координација. . Имајќи го предвид неговиот потенцијал за сеопфатен регионален приод кон SSR, Советот активно придонесува кон подобрување на процесот на координација со другите меѓународни и билатерални актери и невладини организации.

Од клучна важност за јакнење на сè уште кршливиот, но едновремено брзорастечки процес на регионална соработка во областа на безбедноста е потребата од поголема поддршка од ЕУ и НАТО на мерките за јакнење на довербата во регионот, потпомогната со одржливо инвестирање во ресурсите.

# Градење човечки капитал и парламентарна соработка

Советот за регионална соработка работи на спроведување проекти за обновување и зајакнување на човечкиот потенцијал во Југоисточна Европа. СРС го препознава градењето на човечкиот капитал како клучен предуслов во остварувањето на започнатите и планираните реформи во различни области, како и за забрзано надминување на голем број наследени шаблони и стереотипи од минатото, коишто ја попречуваат регионалната соработка.

СРС се залага земјите од ЈИЕ да ги утврдат образованието и стручната обука како национални приоритети, а со цел искористување на расположливите средства наменети



*Советот за регионална соработка смета дека градењето на човечкиот капитал е од суштествена важност за севкупниот развој и соработка во Југоисточна Европа.*

за образование од специфичните национални и повеќе-кориснички програми на Европска комисија (IPA, FP7, Tempus, Erasmus Mundus).

СРС ја поддржува хармонизацијата на реформите во образованието во ЈИЕ со оние во ЕУ и им помага на земјите-членки на СРС од регионот да се вклучат во Интегрираните програми на Заедницата за доживотно учење , соработува со универзитетските мрежи, ја поддржува мобилноста и размената на студенти, ги промовира целите во Европската рамка за признавање на квалификациите. СРС ги поддржува изработката на Регионалната стратегија за научно-истражувачка работа за Западен Балкан, како и Регионалното училиште за јавна администрација.

Промовирањето на идеите за општества засновани на доверба, насочени кон ублажување на социјалните односи во регионот, како и позитивното претставување на ЈИЕ како место на толеранција и богат човечки капитал, претставува еден од приоритетите на СРС. Особено внимание се посветува на развојот на граѓанското општество и дијалогот, како и на активниот ангажман на младите во тој контекст. Развојот на соработката во областа на културата и проектите за еднаква родова застапеност се од големо значење за долгорочната стабилност во регионот.

**Парламентарна соработка**
Главен партнер на СРС за парламентарна соработка во ЈИЕ е Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка во Југоисточна Европа, лоциран во Софија. СРС, заедно со Регионалниот секретаријат, работи на интензивирање на парламентарната соработка на сите нивоа и дејствува како информатичка мрежа меѓу и за парламентите во региот.

## Земји-членки на Советот за регионална соработка

Албанија*
Австрија*
Босна и Херцеговина*
Бугарија*
Канада
Совет на Европа
Банка за развој на Советот на Европа
Хрватска*
Република Чешка*
Данска
Европска банка за обнова и развој
Европска инвестициска банка
Европската унија (ЕУ) претставена од Тројката што ја сочинуваат земјата претседавач со ЕУ, Европска комисија и Секретаријатот на Советот, како и Европскиот парламент*
Сојузна Република Германија*
Финска*
Франција*
Грција*
Унгарија*
Ирска*
Италија*
Летонија*
Молдавија*
Црна Гора*
Организација за Северноатланскиот договор
Норвешка*
Организација за економска соработка и развој
Организација за безбедност и соработка во Европа
Полска*
Романија*
Србија*
Словачка
Словенија*
Иницијатива за соработка во Југоисточна Европа
Шпанија*
Шведска*
Швајцарија*
Поранешна Југословенска Република Македонија*
Турција*
Велика Британија
Уедињене нације
Економска комисија на ОН за Европа
Програма за развој на Обединетите нации
Мисија на времената администрација на ОН на Косово (УНМИК) во име на Косово, во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН*
Соединети Американски Држави*
Светска банка

** земји-членки на Одборот на СРС*